Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерство за транспорт на ден 09.04.2025 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110Kv далновод од ТС 110/10kV Валандово до ТС 110/10kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица кој го донесува Министерството за транспорт , не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110Kv далновод од ТС 110/10kV Валандово до ТС 110/10kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица, се определуваат: Општина Струмица, Општина Валандово , Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија“, ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110Kv далновод од ТС 110/10kV Валандово до ТС 110/10kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Реализацијата на урбанистичката документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110Kv далновод од ТС 110/10kV Валандово до ТС 110/10kV Струмица 2, Општина Валандово и Општина Струмица, е во граници на постоечкиот далновод .

4. Согласно Решението за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 234/2024 од 20.02.2024 год (издадено врз основ на Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y 37423од февруари 2024 година) на подрачјето на проектниот опфат, нема одобрено урбанистичко планска ниту урбанистичко проектна документација, ниту за истите се води постапка.

5. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

**Министер за транспорт**

**Александар Николоски**

**Бр. 08-2287/2**

**09.04.2025 година**

**Скопје**